INTERNATIONAL
BALKAN
UNIVERSITY

# ПРАВИЛНИК

## ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ

## Содржина


Општи одредби ..... 2
Организација и компетенции на органите одговорни за вториот циклус студии ..... 2
Услови за  запишување на втор циклус студии ..... 3
Конкурс за запишување на втор циклус студии ..... 3
Пријава за конкурирање ..... 4
Постапка за селекција ..... 4
Право на приговор ..... 4
Студии од втор циклус ..... 5
Поширока цел на студиите ..... 5
Резултати од студиите и компетенции ..... 5
Организација на наставата ..... 6
Финансирање на втор циклус студии ..... 6
Напредување во текот на студирањето ..... 7
Премин од една на друга студиска програма на втор циклус студии ..... 7
Мобилност на студентите ..... 8
Проверка на знаењето и оценување ..... 8
Испитни сесии и право на полагање ..... 10
Приговор на завршна оценка ..... 10
Магистерски труд ..... 11
Јазик на наставата на вториот циклус студии ..... 14
Студенти ..... 14
Дипломи ..... 14
Награди ..... 14
Завршни одредби ..... 15

Врз основа на член 52 од Законот за високото образование (“Службен весник на РМ“ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, и 120/2010), Универзитетскиот сенат на Меѓународниот Балкански Универзитет во Скопје, на седницата одржана на ден 22.12.2010 година, го донесе следниов

**ПРАВИЛНИК**

**ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ**

## Општи одредби

**Член 1**

**а.** Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Меѓународниот Балкански Универзитет.

**б.** Одредбите на овој Правилник ги применуваат единиците на Универзитетот коишто вршат високообразовна дејност на студии од втор циклус.

**в.** Вториот циклус студии на Универзитетот се организира во согласност со Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот, Правилникот за ЕКТС и другите општи акти на Универзитетот.

## Организација и компетенции на органите одговорни за вториот циклус студии

**Член 2**

**а.** На секоја единица на Универзитетот се формира Наставно-научен колегиум за втор циклус студии (во натамошниот текст колегиум) којшто се грижи за сите прашања поврзани со организацијата и реализацијата на вториот циклус студии.

**б.** Во зависност од бројот и видот на студиските програми, единиците може да имаат повеќе колегиуми за втор циклус студии.

**Член 3**

**а.** Наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот го формира колегиумот од редот на наставниците кои изведуваат настава на втор циклус студии.

**б.** Наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот, на предлог на Колегиумот за втор циклус студии, избира раководител/раководители со мандат од (4) четири години.

**Член 4**

**а.** Колегиумот за втор циклус студии ги има следниве надлежности :

- му предлага на Наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот распишување на конкурс за упис на овие студии;

- му предлага на Наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот број на места, услови и критериуми за упис;
- донесува одлука за прием на студенти на вториот циклус;
- му предлага на Наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот измени и дополнувања на постојни студиски програми од втор циклус;
- му предлага на Наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот нови студиски програми од втор циклус;
- се грижи за организација и реализација на студиските програми од втор циклус;
- ги разгледува пријавите за магистерски трудови и му предлага на Наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот да донесе одлука за прифаќање на темите за магистерски трудови и определување ментори;
- му предлага на Наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот комисии за оценка на магистерски трудови;
- му предлага на Наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот комисии за одбрана на магистерски трудови;
- донесува одлука за премин од една на друга студиска програма и за компатибилност на предметите;
- се грижи и разгледува и други прашања поврзани со функционирањето на студиите од втор циклус.

## Услови за запишување на втор циклус студии

**Член 5**

**а.** На втор циклус студии може да се запише лице кое завршило прв циклус студии и ги исполнува условите предвидени со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот, овој Правилник и Конкурсот за упис.
**б.** На втор циклус академски студии во времетраење од една година (60 ЕКТС кредити) може да се запише лице кое завршило прв циклус академски студии во траење од четири години (240 ЕКТС кредити) и ги исполнува условите од став 1 на овој член.
**в.** На втор циклус академски студии не може да се запише лице со завршен прв циклус стручни студии (три годишни студии – 180 ЕКТС кредити).

**Член 6**

**а.** Компатибилноста на студиските програми од прв циклус за упис на втор циклус на студии се утврдува со Одлука на Колегиумот за вториот циклус студии.

**Член 7**

**а.** Право да се запишат на втор циклус студии имаат и странски државјани кои ги исполнуваат условите утврдени со Закон и овој Правилник.

## Конкурс за запишување на втор циклус студии

**Член 8**

**а.** Запишувањето на втор циклус студии се врши врз основа на јавен конкурс кој го усвојува Ректорската управа на предлог на единиците. Универзитетот го објавува

kонкурсот за вториот циклус на студии најмалку 3 (три) месеци пред започнувањето на наставата.

**б.** Конкурсот за втор циклус на студии ги содржи: името и адресата на Универзитетот, името на единицата на Универзитетот, називот на студиската програма за втор циклус студии, местото на изведување на студиите, времетраењето на студиите, условите за упис, бројот на студенти за запишување, потребна документација за пријавување и запишување, рокови за пријавување и постапка за изведување на уписот.

## Пријава за конкурирање

**Член 9**

**а.** Кандидатот поднесува пријава за конкурирање за запишување на втор циклус студии согласно условите дефинирани во конкурсот со назнака за која студиска програма конкурира. Освен пријавата, кандидатот ги доставува и потребните документи наведени во конкурсот.

**Член 10**

**а.** Колегиумот за втор циклус се грижи за реализација на постапката за пријавување и селекција на кандидатите, во согласност со одредбите содржани во конкурсот за запишување на втор циклус студии.

**б.** Колегиумот расправа по приговори на кандидатите за запишување и донесува одлуки.

**в.** Колегиумот има обврска да подготви извештај за резултатите од уписот, кој го доставува до наставно-научниот совет на единицата.

## Постапка за селекција

**Член 11**

**а.** Студентите кои се пријавуваат за вториот цуклус на студии поднесуваат документ за знаење на англискиот јазик (TOFEL или IELTS).

**б.** Студетите кои имаат документ за резултати од TOEFL или IELTS во претходните две години можат да бидат запишани на втор циклус (магистерски) студии.

**в.** Во спротивно студентите треба даполагаат испт за знаење на англиски јазик при ИБУ. Само студентите кои имаат повеќе од 70 поени на испитот може да се запишат на магиестерски студии.

**г.** Наставно-научниот совет на носителот на студиската програма, по предлог на колегиумот за вториот циклус, утврдува други елементи кои се значајни за студиската програма во постапката за селекција на кандидатите.

## Право на приговор

**Член 12**

**а.** Кандидатите имаат право на приговор за коректноста на постапката за селекција на кандидатите. Приговорот се доставува до колегиумот за втор циклус студии на единицата на Универзитетот.

**б.** Колегиумот е должен да одлучи по приговорот на кандидатот во рок од 3 (три) работни дена.
**в.** Доколку кандидатот не е задоволен од одлуката на колегиумот, има право да поднесе жалба до наставно-научниот совет на единицата, или до орган овластен од него.
**г.** Наставно-научниот совет или овластениот орган на единицата е должен да го разгледа приговорот на кандидатот и да донесе соодветна одлука.
**д.** Одлуката на наставно-научниот совет или на овластениот орган мора да се донесе во рок од 3 (три) работни дена од поднесувањето на приговорот и таа одлука е конечна.

**Член 13**

**а.** Запишаните студенти на втор циклус студии, склучуваат договор за студирање со единиците на Универзитетот. Со договорот поблиску се утврдуваат нивните меѓусебни права и обврски.

## Студии од втор циклус

**Член 14**

**а.** Единиците на Универзитетот организираат студии од втор циклус.
**б.** Универзитетските студии од втор циклус траат една година и носат 60 ЕКТС кредити, така што согласно член 7 од овој Правилник вкупниот број кредити што се стекнуваат со завршување на вториот циклус универзитетски студии изнесува 300 ЕКТС кредити.
**в.** Лицето коешто ги завршило универзитетските студии од втор циклус се стекнува со научен назив – магистер на науки во соодветната научна област.

**Член 15**

**а.** Наставата на втор циклус се остварува врз основа на акредитирани студиски програми кои се во согласност со Европскиот систем за пренос и акумулација на кредити (ЕКТС).

## Поширока цел на студиите

**Член 16**

**а.** Поширока цел на универзитетските студии од втор циклус е развивање на компатибилни студиски програми со Европскиот систем на високо образование, преку воведување на Европскиот систем за пренос и акумулација на кредити (ЕКТС).

## Резултати од студиите и компетенции

**Член 17**

**а.** Оптштите резултати од студиите ќе бидат знаењата и вештините што студентот ќе ги поседува по завршување на вториот циклус, а се поврзани со општите Даблински дескриптори:

- Знаење и разбирање коешто се темели и ги проширува и/или зголемува знаењата постигнати на ниво на додипломски студии од соодветната област што претставува основа или можност за оригинален израз во развојот и примената на идеи во контекс на научното истражување.
- Примена на знаењето и разбирањето што значи поседување способност за знаење и разбирање, како и способност за решавање на проблеми во нови, непознати услови и во поширок (мултидисциплинарен) контекс поврзан со соодветната област.
- Способност за проценка што значи способност за интегрирање на знаењата и справување со сложени ситуации, како и способност за проценување, без комплетни или со ограничени информации, под влијание на општествената и етичка одговорност поврзани со примената на стекнатото знаење и разбирање.
- Комуникациски вештини способност за размена на заклучоци и знаења со рационално поткрепување на истите, како со стручни така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено.
- Вештини за учење што значи поседување на вештини за учење коишто обезбедуваат продолжување на образованието на начин што овозможува самостојност и независност.

## Организација на наставата

**Член 18**

**а.** Учебната година почнува на 15 септември, а завршува на 14 септември следната година и се дели на 2 (два) семестра (зимски и летен). Универзитетскиот календар го донесува Ректорската Управа најмалку 3 (три) месеци пред почетокот на учебната година и го објавува преку своите гласила (огласна табла, интернет-страница и сл.).

**Член 19**

**а.** Наставата се организира и изведува врз основа на утврден распоред на часови.
**б.** Доколку бројот на студенти коишто запишале одреден предмет е помал од 5 (пет), наставата може да се организира како настава од менторски тип.
**в.** Наставата на вториот циклус може да се организира во попладневните часови во работните денови, а по потреба и во неработни денови за време на викендите.
**г.** Одлука за формата и организацијата на наставата носи Колегиумот за втор циклус студии.
**д.** Во реализацијата на наставата на вториот циклус студии за определени теми можат да учествуваат и други наставници, соработници и други експерти, кои не учествуваат во реализацијата на завршното оценување.

## Финансирање на втор циклус студии

**Член 20**

**а.** Вториот циклус универзитетски студии се финансира со средства на студентите.
**б.** За начинот на распределба на финансиските средства остварени од вториот циклус студии по предлог на Деканатската/Ректорската управа, одлучува Управниот одбор на Универзитетот.

## Напредување во текот на студирањето

**Член 21**

**а.** Студентот напредува во текот на студирањето, односно запишува предмети преку бројот на реализирани ЕКТС кредити.
**б.** По правило студентот запишува 30 ЕКТС кредити по семестар. Тој/таа може да запише и помал или поголем број кредити во секој семестар.

**Член 22**

**а.** Ако студентот запишан на студии од втор циклус не ги положи сите запишани предмети од соодветниот семестар, во наредната учебна година ги презапишува предметите.

**Член 23**

**а.** Студентот кој ги положил сите предмети предвидени со студиската програма, но до почетокот на новата учебна година не го одбранил магистерскиот труд, само ја евидентира студиската година.

**Член 24**

**а.** Статус на студент во тековната учебна година на вториот циклус студии имаат студентите коишто ќе запишат односно презапишат семестар во дадената академска година.

**Член 25**

**а.** Евиденцијата на предмети што се запишуваат, податоците дали тоа се повторно запишани предмети или нови предмети, се врши преку пополнување пријава од страна на студентот при запишувањето на семестарот.
**б.** Формата и содржината на пријавата за упис е пропишана од страна на Универзитетот.
**в.** Точноста на податоците во пријавата со свој потпис ја потврдуваат службеникот во Службата за студентски прашања и раководителот на Колегиумот за вториот циклус на студии.

## Премин од една на друга студиска програма на втор циклус студии

**Член 26**

**а.** Студентот може да премине од една на друга студиска програма на втор циклус студии во рамките на единицата на Универзитетот или од други единици на истиот или на други универзитети. Одлука за можноста и за условите за преминување од една на друга студиска програма, на предлог на Колегиумот носи Наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот.

**Член 27**

**а.** Во постапката за признавање на положени испити (освоени ЕКТС кредити) при

премин од една во друга студиска програма, за еден предмет од едната студиска програма, може да се пренесе и друг број на кредити на студиската програма, во случај ако предметите од двете студиски програми имаат иста содржина или се со висок степен на компатибилност, но носат различен број на кредити, на студиската програма на која се продолжуваат студиите, целосно се признава испитот и се прифаќа бројот на кредити предвидени според таа студиска програма.

**б.** Доколку се работи за премин од една на друга студиска програма во рамките на истата единица на Универзитетот, тогаш признавањето на испитот и пренесувањето на кредитите се реализира без посебна процедура.

**в.** Одлука за признавањето на испитите и пренесување на кредитите донесува Колегиумот за втор циклус на студии.

**г.** Доколку станува збор за признавање на испити и пренесување на кредити при премин од една на друга студиска програма од различни единици од истиот или од други универзитети, тогаш процедурата за признавање се реализира преку Комисијата за признавање испити на единицата на Универзитетот каде преминува студентот.

**д.** Ако предметите од двете студиски програми се делумно компатибилни, на студиската програма на која се продолжуваат студиите, испитот се признава делумно. Комисијата за признавање испити, во соработка со предметниот наставник на соодветниот предмет, ги утврдува потребните дополнителни активности на студентот (семинарски трудови, делумно полагање пооделни теми итн.) за целосно признавање на испитот и стекнување на предвидениот број кредити за предметот од студиската програма на која се префрла студентот.

**е.** Ако предметите од двете студиски програми не се компатибилни, тогаш испитот не се признава и нема префрлување на кредити. Одлука за непризнавање на испит донесува Комисијата за признавање на испити.

## Мобилност на студентите

**Член 28**

**а.** Студентите имаат право и можност да запишат и полагаат предмети на други единици на Универзитетот, на други универзитети во земјата и странство, врз основа на програма за мобилност на студенти.

**б.** Начинот и условите за остварување на мобилност поблиску се дефинирани со Упатството на Меѓународниот Балкански Универзитет за мобилност на студентите од една на друга единица на Универзитетот, односно од една на друга високообразовна институција во земјата и странство.

## Проверка на знаењето и оценување

**Член 29**

**а.** Проверката на знаењето на студентот по наставните предмети се врши континуирано во текот на наставно-образовниот процес и се изразува во кредитни поени.

**б.** Постигнатиот успех на студентот по поедините предмети се оценува преку испити (во текот и на крајот на семестарот), студии на случај, семинарски работи и др. Максималниот број на кредитните поени (а) за парцијалните (полусеместралните) испити изнесува 40%, (б) за специфични активности изнесува 20% и (в) за завршните испити изнесува 40% од вкупниот број поени.

**в.** Во кредитниот систем на база 100 кредитни поени, успехот се оценува на следниот начин:

| Македонски систем за оценување | 10 | | 9 | | 8 | | 7 | | 6 | | 5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Систем за оценување на база 100 поени** | 95-100 | 90-94 | 85-89 | 80-84 | 75-79 | 70-74 | 65-69 | 60-64 | 55-59 | 50-54 | <50 |
| **Систем за оценување со букви** | A+ | A- | B+ | B | B- | C+ | C | C- | D+ | D | F |

## Член 30

**а.** Во кредитниот систем на база 100 кредитни поени, 20 поени се добиваат врз основа да специфични активности: активност на настава, изработка на семинарски труд, самостојна (домашна) работа, изработени или реализирани проекти/програми, изработен и објавен научен труд, менторство на други студенти на прв циклус студии, освоени награди или пофалници, учество на семинари, учество на симпозиуми и други активности предвидени со предметната програма.

**б.** Распределбата на поените за специфичните активности ја врши предметниот наставник кој е должен истата да им ја стави на увид на студентите на почетокот на наставата по соодветната наставна дисциплина.

**в.** Максималниот број поени од сите активности од овој член потребен за формирање на завршната оценка не може да биде поголем од 20.

## Член 31

**а.** Предметниот наставник е должен да ги чува материјалите, врз основа на коишто се доделени поени по основ  на специфични активности, 3 (три) месеци после објавувањето на резултатите.

## Член 32

**а.** Предметниот наставник го внесува вкупниот број поени и финалната оценка во посебен формулар за објавување на резултатите како и посебен формулар (извештај) кој се чува во досието на студентот.

**б.** Предметниот наставник мора да ги објави резултатите од завршното оценување најдоцна 7 (седум) дена од реализација на испитот.

**в.** Резултатите од завршниот испит се објавуваат на огласната табла на единицата на Универзитетот или на веб страната на Универзитетот. Резултатите може да се чуваат и во електронска форма.

## Член 33

**а.** Предметниот наставник е должен во рок од 7 (седум) дена од одржувањето на испитот, до Службата за студентски прашања, да достави примерок од објавените резултати, записник од одржаниот испит и формулар (извештај) за секој студент кој полагал испит.

**б.** Службата за студентски прашања врши проверка на формуларот (извештајот) за секој студент и доколку се тие исправни, ги внесува во досието на студентот. Ако

Службата за студентски прашања утврди некаква неисправност на формуларите (извештаите) во рок од 7 (седум) го известува предметниот наставник а по потреба и раководителот на Колегиумот за вториот циклус на студии. Предметниот наставник е должен да изврши корекција на формуларите (извештаите) најдоцна во рок од 7 (седум) дена од известувањето и истите ги достави во Службата за студентски прашања којашто ги внесува во досието на студентот.

**в.** Предметниот наставник ја внесува и потпишува конечната оценка во индексот на студентот.

## Испитни сесии и право на полагање

**Член 34**

**а.** Студентот кој не го положил испитот на начин дефиниран во член 31 и член 32 од овој Правилник, испитот може да го полага уште 2 (два) пати. Сесиите за дополнително полагање на испитите се јануари и јуни.

**б.** Доколку во овие две дополнителни сесии студентот не го положи испитот, студентот го презапишува предметот при што треба да плати определен надоместок независно од платената школарина. Висината на надоместокот ја определува Деканатската/Ректорската управа.

## Приговор на завршна оценка

**Член 35**

**а.** Студент, во рок од 24 часа од објавувањето на конечните резултати, може да поднесе приговор до Деканот, ако не е задоволен од завршното оценување, односно од оценката или ако смета дека испитот не е спроведен во согласност со Законот за високо обрзование и со Статутот на Универзитетот односно Правилникот на Универзитетот.

**б.** Ако Деканот утврди дека се исполнети условите од ставот 1 од овој член, ќе побара од наставникот да ја преиспита оценката од завршното оценување. Ако наставникот не ја промени оценката што ја утврдил, студентот испитот повторно го полага пред тричлена комисија составена од наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје, во наредните 24 часа. Комисијата за полагање на испитот ја формира Колегиумот за студиите од втор циклус. Оценката на Комисија е конечна.

**в.** Роковите од овој член не течат за време на неработни денови.

**Член 36**

**а.** По барање на студентот му се овозможува да го повтори завршното оценување за повисока завршна оценка по наставен предмет во период од најмногу 4 (четири) месеци од полагањето.

**б.** Решение по барањето донесува деканот во рок од 3 (три) дена од поднесувањето на барањето.

**в.** Со уважувањето на барањето за преполагање на испитот претходно добиената оценка се поништува. Студентот го полага испитот во првата наредна испитни сесии.

## Магистерски труд

**Член 37**

**а.** Во согласност со студиската програма студентот изработува и брани магистерски труд.
**б.** Студентот се стекнува со право да поднесе пријава за изработка на магистерски труд, откако ќе ги положи сите предмети од првиот семестар.
**в.** Студентот поднесува пријава за изработка на магистерски труд до Колегиумот за вториот циклус на студии.
**г.** Пријавата за изработка на магистерскиот труд содржи: биографски податоци на кандидатот, наслов на темата, образложение за научната и стручната оправданост на темата, план и методологија за работа, очекувани резултати и преглед на литература од соодветната област.
**д.** Со пријавата кандидатот дава и предлог за ментор на магистерскиот труд, кој по правило е наставник на еден од предметите што кандидатот го запишал.

**Член 38**

**а.** По предлог на Колегиумот за вториот циклус на студии, Наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот донесува одлука за одобрување изработка на магистерскиот труд, односно прифаќање на насловот на темата и менторот на магистерскиот труд.

**Член 39**

**а.** Насловот на прифатениот труд и менторот се објавуваат во Билтенот на Универзитетот и на веб страната на Универзитетот.

**Член 40**

**а.** Магистерскиот труд е самостоен труд во којшто кандидатот ја обработува одбраната тема со примена на научни и стручни методи, докажува дека ја совладал наставната програма и се стекнал со научни и стручни компетенции во согласност со целите на студиската програма.

**Член 41**

**а.** Резултатите на магистерскиот труд треба да претставуваат придонес во:
- систематизацијата на научни решенија во одредената област;
- решавањето на актуелната научна/стручна задача што е поставена како цел на трудот;
- примената на постоечки научни/стручни достигнувања во решавањето на комплексна задача.

**Член 42**

**а.** Магистерскиот труд треба да биде јазично, стилски и технички коректно обликуван во согласност со современата методологија, техника и технологија за изработка на публикации.

**Член 43**

**а.** Студентот го брани магистерскиот труд најдоцна во рок од 3 (години) години од денот на запишување на вториот циклус студии.
**б.** По барање на студентот, во оправдани случаи, на предлог на Колегиумот за втор циклус на студии, Наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот може да одобри продолжување на рокот за одбрана на магистерскиот труд за времетраење додека траеле причините за спреченост за работа врз трудот, но најмногу за време од една година.
**в.** Како оправдани причини се сметаат: подолготрајна болест, бременост и породување, отсуство од земјата во случај кога кандидатот е упатен привремено да извршува работи во странство, научно усовршување во странство и слично, и други оправдани причини.

**Член 44**

**а.** По изработката на трудот, студентот доставува 5 (пет) примероци од магистерскиот труд со барање за формирање Комисија за оценка и одбрана.
**б.** Барањето се поднесува до надлежниот референт во службата за студентски прашања.
**в.** Надлежниот референт го проследува поднесеното барање за формирање Комисија за оценка и одбрана на магистерскиот труд до раководителот на Колегиумот за вториот циклус на студии.
**г.** Раководителот на Колегиумот врши врши увид во студентското досие и изготвува записник. Ако студентското досие е комплетно (положени сите испити предвидени со соодветната студиска програма, освоен потребниот број кредити, исполнети евентуалните други обврски предвидени со студиската програма, регулирани финансиски и други административни обврски и сл.), на студентот му се одобрува продолжување на постапката за формирање Комисија за оценка и одбрана на магистерскиот труд. Доколку студентското досие не е комплетно, тогаш раководотелот на Колегиумот го враќа досието во службата за студентски прашања и по неговото комплетирање одобрува продолжување на постапката.
**д.** Наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на доставувањето на трудот, на предлог на Колегиумот формира Комисија за оценка и одбрана на магистерскиот труд и определува претседател на Комисијата.
**е.** Ако во текот на постапката за оценка и одбрана на магистерскиот труд член на Комисијата е спречен да ја извршува обврската, со одлука на Наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот се определува негова замена.

**Член 45**

**а.** Комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот труд е должна да го прегледа трудот и на студентот писмено да му ги достави евентуалните забелешки, во рок од 3 (три) месеци од денот на предавањето на трудот.
**б.** Комисијата може да му го врати на кандидатот трудот со забелешките најмногу двапати и да му определи рок од најмногу 3 (три) месеци, да постапи по нив.

**Член 46**
**а.** Комисијата изготвува извештај во кој дава оценка на трудот, најдоцна во рок од 3 (три) месеци од денот на предавањето на трудот. Извештајот се доставува до Наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот.

**б.** По усвојувањето на извештајот, Наставно-научниот совет го определува терминот за одбрана. Одбраната на магистерскиот труд треба да се одржи во рок од 15 (петнаесет) дена од прифаќањето на извештајот, но не порано од 7 (седум) дена.
**в.** Денот на одбраната, времето и местото се објавуваат на огласната табла и на веб страната на единицата на Универзитетот.

**Член 47**

**а.** Одбраната ја отвора Претседателот на комисијата со воведен збор. Тој ги презентира биографските податоци на кандидатот, научно-стручната активност на кандидатот, Извештајот на Комисијата за оценка и одбрана на трудот и Извештајот за текот на спроведената постапка до одбраната на трудот.
**б.** Претседателот на Комисијата го повикува кандидатот да го презентира трудот во рок од 45 (четириест и пет) минути, а по презентацијата им дава збор на членовите на комисијата да го изнесат своето мислење за трудот и да му постават прашања на кандидатот.
**в.** Покрај членовите на Комисијата, прашања во врска со трудот можат да поставaт и други лица присутни на одбраната, доставени во писмена форма до Претседателот на комисијата.
**г.** За текот на одбраната се води записник којшто по одбраната го потпишуваат членовите на Комисијата.

**Член 48**

**а.** По завршување на одбраната на трудот Комисијата се повлекува и врз основа на одбраната и оговорите на поставените прашања, донесува одлука за оценката на одбраната на магистерскиот труд.
**б.** Комисијата одлучува со мнозинство гласови, а оценката на одбраната ја соопштува јавно.
**в.** Оценувањето се врши со две описни оценки: го одбранил магистерскиот труд и не го одбранил магистерскиот труд. Оценката се внесува во записникот од одбраната.

**Член 49**

**а.** Комисијата го доставува записникот до Наставно-научниот совет на едницата на Универзитетот на усвојување.

**Член 50**

**а.** Доколку кандидатот не го одбрани магистерскиот труд, повторно се закажува одбрана на истиот труд најдоцна во рок од 3 (три) месеци. Одбраната на трудот е пред истата комисија која го определува новиот термин за повторна одбрана на магистерскиот труд.
**б.** Доколку кандидатот не го одбрани трудот по втор пат, може уште еднаш да пријави и брани нов магистерски труд според постапката и роковите дефинирани во овој Правилник.

**Член 51**

**а.** Студентот може да го напушти студирањето во рамките на одредена студиска програма без да ја комплетира и за тоа може, на негово барање, да добие соодветно уверение.

## Јазик на наставата на вториот циклус студии

**Член 52**

**а.** Наставата на вториот циклус студии на Универзитетот се изведува на англиски јазик.

## Студенти

**Член 53**

**а.** Прашањата поврзани со статусот на студентите, нивните права и обврски, како и дисциплинските мерки се дефинирани со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и Правилниците на единиците на Универзитетот.

## Дипломи

**Член 54**

**а.** Студентот кои завршил втор циклус универзитетски студии се стекнува со научnо звање – магистер на науки во соодветната научна област.
**б.** Студентот добива уверение и диплома за завршен втор циклус студии.
**в.** Со дипломата се издава Додаток на дипломата, во согласност со принципите на ЕКТС.

**Член 55**

**а.** Изгледот и содржината на дипломата и уверението се во согласност со критериумите за меѓународна препознатливост и прифатливост.

**Член 56**

**а.** Одлука за изгледот на дипломата и уверението донесува Ректорската управа на Универзитетот. Содржината на дипломата и уверението се утврдени со акт на Министерот надлежен за работите на високото образование.

## Награди

**Член 57**

**а.** За посебно покажани резултати во студирањето, студентот може да добие соодветни награди и признанија. Видот на наградите, критериумите и процедурите за нивно доделување ги утврдуваат Универзитетот и/или единиците на Универзитетот.
**б.** Одлука за наградите, на предлог на Ректорката управа, донесува Управниот одбор на Универзитетот.

## Завршни одредби

**Член 58**

**а.** Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во Билтенот на Меѓународниот Балкански Универзитет.
**б.** Овој правилник ќе се применува започнувајќи од учебната 2011/2012 година.

Ректор

Проф. д-р  Хунер Шенџан